Australian Government
Department of Health and Aged Care

medicare

Macedonian




# Клиники за итна помош на Medicare – тогаш кога ви се потребни

Низ Австралија, растечката мрежа на клиники за итна помош на Medicare (Medicare Urgent Care Clinics) нудат бесплатна итна нега за болести и повреди, намалувајќи го притисокот врз одделите за итни случаи и олеснувајќи го пристапот до итна нега кога таа ви е потребна.

Клиниките за итна помош на Medicare се отворени секој ден рано наутро и доцна навечер и не треба да закажете термин или да имате упат. Околу 70 проценти од Австралијците живеат на растојание од 20 минути возење до центар за итна помош на Medicare.

Клиниките за итна помош на Medicare се еден од начините на кои австралиската влада инвестира во Medicare за да осигура дека Австралијците имаат подобар пристап до здравствена нега, итна нега и поддршка за ментално здравје по пристапна цена.

## Што е итна нега?

- **Општа или рутинска нега** е онаа што ја добивате од вашиот локален доктор по општа пракса или медицинска сестра.
- **Итна нега (urgent care)** добивате кога имате повреда или болест за која не можете да чекате да отидете на редовен закажан термин кај доктор по општа пракса, но таа не е опасна по живот.
- **Итна помош во вонредна ситуација (emergency care)** е потребна кога имате повреда или болест што е опасна по живот.

Подолу се прикажани примери на различни видови на нега.

| Општа или рутинска нега | Итна нега | Итна помош во вонредна ситуација |
|---|---|---|
| • Дијагноза и третман на широк спектар на заболувања и болести<br>• Општа проверка и здравствени прегледи<br>• Вакцинации<br>• Рецепти за лекови<br>• Совети за ментално здравје<br>• Консултации за планирање на семејството<br>• Упати за тестови, скенирање или специјалистичка нега<br>• Нега на тековни хронични болести и проценка на здравствената состојба | • Мали инфекции<br>• Помали скршеници, исчашувања, спортски повреди и болка во вратот и грбот<br>• Инфекции на уринарниот тракт (UTIs)<br>• Помали исеченици<br>• Сексуално преносливи инфекции (STIs)<br>• Убоди и осип од инсекти<br>• Помали инфекции на очи и уши<br>• Болести на дишните органи<br>• Гастроентерит<br>• Благи изгореници | • Болка или стегање во градите<br>• Тешкотии при дишењето<br>• Неконтролирано крвавење<br>• Тешки изгореници<br>• Труење<br>• Вкочанетост или парализа<br>• Бесвест<br>• Лицето не реагира или има напади<br>• Постојана треска кај доенчиња<br>*Ако вие или лице за кое се грижите имате повреда или болест опасна по живот, јавете се на 'три нули' (000) или отидете во најблискиот оддел за итни случаи.* |

## Кога треба да посетам клиника за итна помош на Medicare?

Ако имате повреда или болест која бара медицинска помош, запрашајте се:

- Дали таа е опасна по живот и дали ми треба итна помош?
- Дали можам да почекам додека не закажам термин со мојот локален доктор по општа пракса?

Ако случајот не е итен, но не можете да чекате за редовен преглед со вашиот доктор по општа пракса, во клиника за итна помош на Medicare ќе бидете примени и лекувани истиот ден. Клиниките за итна помош на Medicare работат со продолжено работно време, 7 дена во неделата.

## Кој може да ги користи клиниките за итна помош на Medicare?

Клиниките за итна помош на Medicare нудат итна медицинска нега директно наплатлива од Medicare (бесплатна) за секој што има Medicare картичка. Не е потребно да закажувате термин или да имате упат.

## Што можам да очекувам кога ќе посетам клиника за итна помош на Medicare?

Кога ќе пристигнете во клиниката за итна помош на Medicare, медицинска сестра ќе ја процени вашата повреда или болест за да утврди колку таа е итна. Ова е систем на 'тријажа' што се користи за да се одлучи кои пациенти први треба да видат доктор или медицинска сестра.

Лицата со најсериозни медицински состојби може да бидат прегледани пред други кои чекале подолго време или пред оние кои имаат закажан термин. Со ова се осигурува дека прво се третираат најитните случаи.

# Повеќе информации

**За да ја најдете најблиска Клиника за итна помош на Medicare, посетете ја веб-страницата health.gov.au/MedicareUCC**

Скенирајте за да дознаете повеќе

**За информации како Medicare може да ви помогне, посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/stronger**